Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-1731/1
08.05.2020 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 55- та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 15.05.2020 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

Одржувањето на оваа седница со членовите на Советот ќе биде преку конференциска врска со употреба на интернет комуникацијата со софтверска алатка преку Cisco WebExMeeting, согласно Уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа.

Усвојување на Записник од 54-та седница на Советот на Општина Велес

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања.
2. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020год. до 31.03.2020год.
3. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2020год.
4. Предлог-одлука за остранување на објект сопственост на Општина Велес.
5. Предлог-одлука за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес.
6. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси.
7. Предлог-одлука за одложено плаќање на надоместокот –закупнина за користење на објект или простор од објект сопственост на Општина Велес за 2020 година.
8. Предлог-одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2020 година.
9. Предлог-правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен велосипед.
10. Предлог-одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2020 година.
11. Предлог-правилник за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Велес за купен сончев термален колектор.
12. Предлог –програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локално економскиот развој во 2020 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Ненад Коциќ с.р.